**ИСТРАЖУВАЊЕ НА ИПИС ЗА ПЕРЦЕПЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ ЗА**

**- РЕЈТИНГ НА ПАРТИИ и ИЗБОР НА НОВА ВЛАДА -**

21.01.2022 година

Почитувани,

**Институтот за Политички Истражувања од Скопје (ИПИС)** спроведе кратко телефонско истражување во периодот помеѓу **17 и 19 јануари 2022 на 1124 полнолетни испитаници** на ниво на Република Македонија. Во истражувањето граѓаните ги изразуваа своите ставови за нивната поддршка за политичките партии и политичари, како и за изборот на новата Влада.

Заради запазување на релевантноста и непристрасноста на истражувањето, беше креиран непристрасен и објективен прашалник врз база на кој подоцна беше спроведена анкетата. Истражувањето беше реализирано со користење на случаен примерок кој беше стратификуван за да се запази репрезентативноста на населението во Република Македонија. Во него беа запазени демографските специфики на населението како полова структура, старосни групи, степен на образование и етничка припадност, со соодветна поделба на испитаниците според местото на живеење и изборната единица, со тоа што Скопје беше земено како посебна целина заради своите посебности.

Истражувањето е спроведено за потребите на ИПИС со цел да се анализираат рејтинзите на партиите и перцепции за нова Влада. Анкетата е финансирана од сопствени средства на ИПИС.

Во прилог се резултатите од истражувањето.

| За која партија би гласале доколку следната недела има Парламентарни избори? | % |
|---|---|
| Ниедна | 14.4 |
| Не сака да каже | 11.2 |
| Не знам/Нема одговор | 18.3 |
| СДСМ | 17.9 |
| ВМРО-ДПМНЕ | 22.5 |
| ДУИ | 7.0 |
| БЕСА | 1.1 |
| Алијанса за Албанците | 3.5 |
| Алтернатива | 1.2 |
| Левица | 2.9 |
| **Вкупно** | **100** |

*Табела 1*




*Графикон 1*

| Во кој политичар имате најголема доверба? | % |
|---|---|
| Ниеден | 32.8 |
| Друг | 2.9 |
| НЗ/НО | 16.0 |
| Зоран Заев | 9.5 |
| Христијан Мицкоски | 17.7 |
| Али Ахмети | 7.1 |
| Африм Гаши | 1.4 |
| Билал Касами | 1.1 |
| Зијадин Села | 3.5 |
| Димитар Апасиев | 2.5 |
| Димитар Ковачевски | 5.5 |
| **Вкупно** | **100.0** |

*Табела 2*




*Графикон 2*




*Графикон 3*




*Графикон 4*

НАПОМЕНА:

Одговорите ја одразуваат демографската структура на испитаниците и нивните преференци и ставови. Сите истражувања на Институтот се подложни на статистичка грешка која изнесува +/- 3 % . Поради тоа сите резултати претставени во извештајот можат да се движат во тој интервал.

Со почит,

Владимир Божиновски
Институт за Политички Истражувања - Скопје (ИПИС)
тел. +389 70 269 828
www.ipis.org.mk